**Врз основа на склучениот Меморандум за соработка потпишан помеѓу ЗЕГИН ДОО, Скопје и Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во состав на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, се објавува**

# ОГЛАС
## за доделување стипендии на студенти од прв циклус студии

**ЗЕГИН ДОО, Скопје,** доделува две (2) стипендии на студентите запишани во учебната 2018/2019 на прв циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на следните студиски програми:

- **Овоштарство, лозарство и винарство - модул Лозарство и винарство (една стипендија)**
- **Заштита на растенијата - Фитомедицина (една стипендија)**

**I. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА:**

Право на стипендија има кандидатот кој ги исполнува следните услови:

1. Да има завршено средно образование;
2. Да е државјанин на Република Македонија;
3. Да биде рангиран на листата за прием на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, како редовен студент во државна квота на студиска програма Овоштарство, лозарство и винарство - модул Лозарство и винарство или Заштита на растенијата - Фитомедицина;

**II. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ:**

1. Пријавен лист (формулар достапен копирницата на Факултетот);
2. Документација за завршено средно образование (свидетелства од прва до четврта година, диплома за положена дравна матура, документ за државјанство и извод од матична книга на родени);
3. CV на македонски јазик;
4. Изјава дека не се корисници на друга стипендија во вид на школарина/ партиципација од друга институција.

**III. ВИСИНА НА СТИПЕНДИЈА:**

Стипендијата ги покрива трошоците за школарина/партиципација за студирање во учебната 2018/2019 година во висина од 200 евра;

Студентите добитници на предвидената стипендија потребно е континуирано да ги следат студиите и редовно да запишуваат нареден семестар/година на студирање, како и да посетува практичната настава во фирмата – спонзор **(ЗЕГИН ДОО, Скопје, Лозарство-Лозово).**

**IV. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Крајниот рок за пријавување на кандидатите за користење на академската стипендија за студии од прв циклус е 6.9.2018 година, за кандидатите кои ќе се пријават во првиот уписен рок. Доколку стипендиите не бидат доделени во првиот уписен рок, истите се пренесуваат во вториот/третиот уписен рок, со краен датум за пријавување на 18.9.2018 година за вториот, односно 27.9.2018 година за третиот уписен рок. Документите може да се доставaт во архивата на Факултетот.

Кандидатот ќе биде избран од страна на Комисија составена од Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, а за кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе биде организирано интервју од страна на **ЗЕГИН ДОО, Скопје** и претставници на Деканатот на ФЗНХ.